**20261802799**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3 а во врска со член 8 точка 9) и член 59 став 9 од Законот за електронските комуникации („Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 135/25, 269/25 и 132/26), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 22.7.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА НОТИФИКАЦИЈАТА, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОТВРДАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
**(Цел)**

Со овој Правилник се пропишува содржината и формата на нотификацијата, потребната документација што правните лица треба да ја доставaт до Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст: Агенцијата) пред започнување/промена/престанок со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, како и потврдата за регистрација што ја добива од Агенцијата.

## II. НОТИФИКАЦИЈА

### Член 2
**(Содржина на нотификација)**

(1) Нотификацијата за започнување/промена/престанок со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги содржи:

(а) основни податоци: име, седиште, единствен даночен број, регистарски број на подносителот, број на жиро сметка, податоци за контакт: телефонски број, e-mail адреса и веб-страна на подносителот на нотификацијата, како и податоци за правен застапник на подносителот на нотификацијата со име, адреса, единствен матичен број и податоци за контакт: телефонски број и e-mail адреса;

(б) тип на нотификацијата што се поднесува, за: започнување/промена/престанок;

(в) предвиден датум на започнување на јавните електронски комуникациски мрежи и/или услуги, кој го означува датумот кога се предвидува јавните електронски комуникациски мрежи и/или услуги да бидат функционално подготвени за да се понудат на јавноста;

(г) обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи, вклучувајќи дали мрежите се сопствени или изнајмени, и тоа:

- јавна кабелска мрежа: локална (на едно географско подрачје), регионална (на повеќе од едно географско подрачје) или национална;
- јавна радиокомуникациска мрежа: локална (на едно географско подрачје), регионална (на повеќе од едно географско подрачје) или национална и
- мрежа што вклучува сателит.

(д) листа на јавни електронски комуникациски услуги, а особено:

- обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај;

- обезбедување на јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа за национален и/или меѓународен сообраќај;

- меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај;

- услуги за пренос на податоци;

- услуги поврзани со радиодифузија;

- услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем, како што се преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии, пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап (пристап до: софтверски системи, информатички системи или бази на податоци, системи за транслирање на броеви, фиксни и мобилни мрежи за роаминг и системи со условен пристап);

- други услуги.

(ѓ) подрачјето на кое ќе се врши јавната електронска комуникациска активност;

(е) краток опис на јавните електронски комуникациски мрежи и/или јавните комуникациски услуги, кој содржи опис на физичките (технички) карактеристики на главните елементи и интерфејсот за пристап на мрежата и придружните средства, односно услугата што ќе се обезбедува, како и топологијата, начиниот на нивната изведба и технологијата што ќе се користи;

(ж) изјава од правен застапник на подносителот на нотификацијата за вистинитост, точност и целосност на податоците, доказите и другите информации содржани во нотификацијата.

(2) Подносителот на нотификацијата може да нотифицира една или повеќе јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги наведени во став 1 точка (г) и точка (д) на овој член.

(3) Нотификацијата содржи потпис на правен застапник и печат на подносителот. Доколку подносителот на нотификацијата претставува група на компании (асоцијација, спојување од неколку фирми, итн.), правниот застапник мора да биде овластен од сите компании или пак од компанијата која ја има контролната улога во групата.

Член 3

**(Форма на нотификацијата и потребна документација)**

(1) Образецот на нотификацијата од член 2 на овој Правилник е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник.

(2) Образецот од став 1 на овој член може да се подигне во Агенцијата или да се преземе од веб страната на Агенцијата.

## III. ПОСТАПКА ЗА НОТИФИКАЦИЈА

Член 4

**(Доставување на нотификација)**

(1) Нотификацијата со потребната документација се доставува до Агенцијата во писмена или во електронска форма, а во случај на достава по пошта истата се доставува во форма на препорачана пратка.

(2) Доколку Агенцијата утврди дека нотификацијата од член 2 на овој Правилник не ги содржи сите потребни податоци и документација, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на нотификацијата ќе го извести подносителот да ја дополни нотификацијата со потребните податоци.

(3) Подносителот на нотификацијата ќе ги достави потребните податоци и документација во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на известувањето од Агенцијата.

(4) Доколку подносителот на нотификацијата не ги достави потребните податоци и документација во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на известувањето од Агенцијата, Агенцијата не врши регистрација на нотификацијата во својата службена евиденција.

Член 5

**(Потврда за регистрација)**

(1) Агенцијата врши регистрација на подносителот на нотификацијата со запишување во службената евиденција на Агенцијата во рок од 7 (седум) дена од добивањето на нотификацијата, по која ќе му достави писмена потврда за извршена регистрација на нотификација.

(2) Потврдата се доставува во рок од 7 (седум) дена од денот на уписот во службената евиденција на Агенцијата или од приемот на барањето на барателот за издавање на таква потврда.

(3) Врз основа на потврдата за регистрација на нотификацијата од ставот (1) на овој член, операторот има право:

- да обезбедува јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги,
- за заедничко користење на иста локација (колокација) и заедничко користење на мрежни елементи и придружни објекти,
- за користење на радиофреквенции,
- за користење ресурси за нумерирање,
- на преговарање за пристап или интерконекција и
- за давање универзална услуга согласно со овој закон.

(4) Агенцијата, во согласност со издадените потврди за регистрација, за сите нотифицирани оператори на својата веб страна ќе ги објави името на операторот и мрежите/услугите кои што ги обезбедува.

Член 6

**(Промена на податоци од нотификација)**

(1) Операторот ја известува Агенцијата за промена на податоците од член 2 став (1) точка (а) на овој Правилник дадени во нотификацијата во рок не подолг од 30 (триесет) дена од денот на настанатата промена.

(2) Подносителот на нотификацијата со доставување на образец на нотификација согласно со член 3 на овој Правилник, ја известува Агенцијата за промена на податоците од член 2 ставот (1) точка в) на овој Правилник дадени во нотификацијата пред датумот наведен во нотификацијата, освен во случај на виша сила, кога Агенцијата се известува во рок од десет дена по датумот наведен во нотификацијата.

(3) Во случај кога нотифицираниот оператор има намера да обезбедува дополнителни јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги или пак врши проширување на подрачјето на кое ќе се врши јавната електронска комуникациска активност, треба да достави образец на нотификација согласно со член 3 на овој Правилник.

Член 7

**(Престанок на нотификација)**

(1) Известувањето за престанок со обезбедувањето на одредена јавна електронска комуникациска мрежа и/или услуга се поднесува во рок не подолг од 90 (деведесет) дена пред предложениот датум на престанок со обезбедувањето на јавната електронска комуникациска мрежа и/или услуга, со доставување на образец на нотификација согласно со член 3 на овој Правилник.

(2) Во известувањето операторот е должен да го опише начинот на кој ќе биде обезбедено чување на податоците согласно со Законот за електронските комуникации, како и начинот на пристап до истите.

(3) Во случај на престанок со обезбедувањето на одредена јавна електронска комуникациска мрежа, операторот доставува изјава дека јавната електронска комуникацикска мрежа е демонтирана и/или неактивна и/или продадена на друг нотифициран оператор и дека ги има превземено сите мерки согласно Законот за електронските комуникации и подзаконските прописи донесени врз негова основа.

(4) Во случај на престанок со обезбедувањето на одредена јавна електронска комуникациска услуга, операторот доставува изјава дека ги има известено корисниците на јавната електронска комуникациска услуга за планираниот датум на престанок во обезбедувањето на јавната електронска комуникациска услуга и дека ги има превземено сите мерки согласно Законот за електронските комуникации и подзаконските прописи донесени врз негова основа.

Член 8

**(Бришење од службена евиденција)**

Агенцијата ќе го избрише операторот од регистарот на нотифицирани оператори:

а) кога операторот во пишана форма, ќе ја извести Агенцијата за престанок со обезбедување на јавните електронски комуникациски мрежи и/или јавни услуги со датумот на престанок кој е наведен во известувањето;

б) доколку операторот не обезбедува јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги подолго од една година непрекинато;

в) доколку операторот е избришан од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица или друг соодветен регистар и

г) доколку на операторот со правосилна судска одлука му е забрането обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за содржината и формата на нотификацијата, потребната документација и потврдата за регистрација („Сл. весник на РМ“, бр. 138/2014).

Член 10

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По неговото влегување во сила, овој Правилник ќе биде објавен на веб страната на Агенцијата.

Бр. 0101-1606/6
22 јули 2026 година
Скопје

Директор,
**Нусрет Халити,** с.р.

**ПРИЛОГ 1: Образец на нотификација**

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Кеј Димитар Влахов бр.21, Скопје

Република Северна Македонија

тел: +389 23 289 200

e-mail: contact@aec.mk

даночен број: 4030005556148

**НОТИФИКАЦИЈА**

***ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И/ИЛИ УСЛУГИ***

_________________ **Бр.** ______________

(датум на поднесување) (пополнува Агенцијата)

**ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ**

| | |
|---|---|
| Фирма (полно име) | |
| Фирма (скратено име) | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| Регистерски број/ ЕМБС | |
| Жиро-сметка | |
| Телефон | |
| e-mail адреса | |
| Веб-страна | |

## 1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

| Тип на нотификација | | | Јавна електронска комуникациска мрежа | Сопственост на мрежа | | Предвиден датум на започнување | Географско подрачје на кое се протега мрежата | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| започнување | промена | престанок | | Сопствена | Изнајмена | | Локално | Регионално | Национално | Список на населени места или цела територија на РСМ |
| ☐ | ☐ | ☐ | Јавна кабелска мрежа | ☐ | ☐ | | ☐ | ☐ | ☐ | |
| ☐ | ☐ | ☐ | Јавна радиокомуникациска мрежа | ☐ | ☐ | | ☐ | ☐ | ☐ | |
| ☐ | ☐ | ☐ | Мрежа што вклучува Сателит | ☐ | ☐ | | ☐ | ☐ | ☐ | |

## 2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ

| Тип на нотификација | | | Јавна електронска комуникациска услуга | Предвиден датум на започнување | Географско подрачје на кое се обезбедува услугата | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| започнување | промена | престанок | | | Локално | Регионално | Национално | Список на населени места или цела територија на РСМ |
| ☐ | ☐ | ☐ | Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација | | ☐ | ☐ | ☐ | |
| ☐ | ☐ | ☐ | Јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа | | ☐ | ☐ | ☐ | |
| ☐ | ☐ | ☐ | Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај | | ☐ | ☐ | ☐ | |

| Тип на нотификација | | | Јавна електронска комуникациска услуга | Предвиден датум на започнување | Географско подрачје на кое се обезбедува услугата | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| започнување | промена | престанок | | | Локално | Регионално | Национално | Список на населени места или цела територија на РСМ |
| ◻ | ◻ | ◻ | Услуги за пренос на податоци | | ◻ | ◻ | ◻ | |
| ◻ | ◻ | ◻ | Услуги поврзани со радиодифузија | | ◻ | ◻ | ◻ | |
| | | | Услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем | | | | | |
| ◻ | ◻ | ◻ | преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии | | ◻ | ◻ | ◻ | |
| ◻ | ◻ | ◻ | пристап до мрежни елементи и придружни средства | | ◻ | ◻ | ◻ | |
| ◻ | ◻ | ◻ | други видови на пристап (пристап до: софтверски системи, информатички системи или бази на податоци, системи за транслирање на броеви, фиксни и мобилни мрежи за роаминг и системи со условен пристап) | | ◻ | ◻ | ◻ | |
| | | | Други услуги | | | | | |
| ◻ | ◻ | ◻ | (да се опише услугата) | | ◻ | ◻ | ◻ | |

## 3. КРАТОК ОПИС НА ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И/ИЛИ УСЛУГИ

Се опишуваат физичките (технички) карактеристики на главните елементи и интерфејсот за пристап на мрежата и придружните средства, односно услугата што ќе се обезбедува, како и топологијата, начинот на нивната изведба и технологијата што ќе се користи.

| |
|---|
| |

**4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВЕН ЗАСТАПНИК**

Име и презиме ______________________________

Фирма/позиција ______________________________

Матичен број ______________________________

Адреса ______________________________

______________________________

Телефон ______________

e-mail адреса ______________ Друг телефон ______________

**ИЗЈАВА ОД ПРАВЕН ЗАСТАПНИК**

Со ова потврдувам дека податоците, доказите и другите информации содржани во оваа нотификација и сите прилози кон истата се вистинити, точни и целосни заклучно со датумот на истата и дека ги исполнуваат условите предвидени со член 59 став 9 од Законот за електронските комуникации („Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 135/25, 269/25 и 132/26).

______________

(потпис)

(М.П)